# совет за етика во медиумите на македонија

11.03.2016г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Коалицијата "Сексуални здравствени права на маргинализирани заедници", ХОПС – Опции за здрав живот и Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР, за емисијата "Во Центар со Васко Ефтов: проституцијата во Македонија", емитувана на 07.12.2015 година во 22 часот, на Канал 5 телевизија.**

**Ж А Л Б А Т А Е О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 7, 10, 11 и 13.

*Член 7.*

*"Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност на јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост."*

Член 10.

*"Новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

Член 11.

*"Новинарот ќе се придржува и на општоприфатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија (...)."*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот."*

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 29.12.2015 година, Коалицијата "Сексуални здравствени права на маргинализирани заедници", ХОПС – Опции за здрав живот и Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР, поднесоа жалба за емисијата "Во Центар со Васко Ефтов: проституцијата во Македонија", емитувана на 07.12.2015 година во 22 часот, на Канал 5 телевизија.

Во жалбата се наведува дека во емисијата авторот ја обработува темата сензационалистички, еднострано и морализаторски и притоа не ги заштитува личните податоци на сексуалните работници кои, како што е наведено, ги снима без нивно знаење и дозвола. Во образложението на жалбата се вели следново: "Авторот исто така не прави разлика помеѓу сексуалната работа и трговија со луѓе, односно за него не е важно дали некое лице било принудено да дава сексуални услуги или тоа е негов/најзин личен избор. Вината за, според него "растот на проституцијата", е во сиромаштијата и во тоа што девојките не сакаат да работат друго... Низ целата емисија авторот се исмева со сексуалните работници и дофрлува цинични коментари кои го повредуваат достоинството на оваа маргинализирана заедница". Понатаму, стои во жалбата, „често на своите соговорници или на сексуалните работници им поставува сензационалистички прашања чија цел е да навредат, а никако не придонесуваат за информирање на јавноста...".

Понатаму, во жалбата се вели дека „авторот неетички лажно им се претставува на сексуалните работници како потенцијален клиент, со цел да изнуди и нивни лични податоци и истите да ги злоупотреби и неовластено да ги објави. Во еден дел од емисијата и го открива живеалиштето на транс-лица сексуални работници и снима во нивниот стан, без да знаат и да дозволат. Снимените транс-лица се корисници на услугите на СТАР-СТАР. По објавувањето на

емисијата, сопственичката на станот усно им го раскина договорот за закуп, со барање до крајот на денот да го напуштат станот...Авторот на емисијата во ниту еден момент не ја прикажува другата страна, односно не зборува за секојдневното насилство врз сексуалните работници и прекршувањата на нивните човекови права ".

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Канал 5 телевизија, со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Генералниот менаџер на Канал 5, Иван С. Мирчевски достави одговор на наводите. Во одговорот тој вели дека "Пред почетокот на секоја емисија, јасно и недвосмислено , Канал 5 ТВ се оградува од ставовите искажани во емисијата ВО ЦЕНТАР на авторот Васко Ефтов" и предлага да биде контактиран авторот на емисијата. Во продолжение на одговорот, Мирчевски наведува дека ќе го искаже гледиштето на телевизијата, и покрај тоа што Канал 5 не е засегната страна и не смета дека телевизијата треба да одговара. Тој вели дека "во ниту еден момент не се покажани во целост лицата на „сексуалните работнички" кои вршат проституција што, според нашиот Кривичен закон, е сериозно кривично дело", дека "издавање на стан/соба за проституција е исто така кривично дело и за оние кои го издават и за оние кои го користат" и дека "во ниту еден момент, новинарот Љупчо Златев преку Скајп не се преставил лажно".

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

При своето одлучување Комисијата ги зеде предвид и:

**Член 8 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) Право на почитување на приватниот и семејниот живот**

1.Секој човек има право на почитување на неговиот приватен и семеен живот, домот и преписката.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

# совет за етика во медиумите на македонија

**Пресудата на ЕСЧП Е.В. v France 3546/02 (во делот на параграф 43)**

„Поимот 'приватен живот' во рамките на значењето на членот 8 од Конвенцијата е широк концепт кој ги опфаќа, меѓу другото, правото на формирање и развивање односи со другите луѓе... правото на „личен развој"...или правото на самоопределување како такво. Тоа опфаќа елементи како што се имиња... родова идентификација, сексуална ориентација и сексуален живот, коишто влегуваат во личната сфера заштитена со членот 8... и правото на почитување на одлуката да се има и да се нема деца."

**Член 4, точка 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**

Овој Закон се применува од страна на сите државни органи, органи на единицата на локалната самоуправа, правни лица со јавни правни овластувања и правни и физички лица во областа на:

1) работата и работните односи;

2) образование, наука и спорт;

3) социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита;

4) правосудство и управа;

5) домување;

6) јавно информирање и медиуми;

7) пристап до добра и услуги;

8) членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство;

9)култура и

10) други области определени со закон.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

**Член 5, точка 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**

Дискриминаторско однесување и постапување е секое активно или пасивно однесување на секое лице од страна на јавните власти, како и од страна на правни и физички лица од приватниот и јавниот сектор во јавниот живот, кое создава основи за привилегирање или депривилегирање на некое лице на неоправдан начин, или кое го изложува на неправеден и деградирачки однос во споредба со други лица во слична ситуација, базирано на која било од дискриминаторските основи;

***

На седницата на 24.02.2016 година Комисијата за жалби, најпрво го изведе од расправата и одлучувањето членот на Комисијата Гоце Герасимовски поради судир на интереси бидејќи е вработен во Канал 5 ТВ и ги разгледа наводите на жалителите Коалицијата “Сексуални здравствени права на маргинализирани заедници”, ХОПС – Опции за здрав живот и Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР.

Комисијата направи увид во обжалената емисија и констатираше дека неспорно е дека авторот се обидува да создаде содржина која ќе наметне дебата во јавноста за општествена појава, но тоа го прави вон новинарските професионални стандарди со генерализации, при што честопати индивидуалните размислувања ги камуфлира како факти, наместа се исмева кон социјално-ранлива група и не води сметка за заштита на податоците на снимените личности.

Како што може да се констатира од увидот во емисијата, во периодот од 17:08 минута до 17:36 минута, авторот тајно снима сексуални работнички во Битола, без притоа тие да се информирани, а понатаму во пост - продукцијата на медиумскиот производ не им ги замаглува лицата и видоизменува гласот, со што покажува непочитување на личниот живот

на тие поединци. Притоа, авторот не внимава дека со тоа може да придонесе кон нивна стигматизација и евентуално загрозување на нивната безбедност. Со ова авторот ги повредува правата на овие личности гарантирани со чл.8 од ЕКЧП и дефинирани во параграфот 43 во пресудата на ЕСЧП Е.В. v France ). На тој начин и понатаму ги доведува во дискриминирачка состојба (ги изложува на неправеден и деградирачки однос - чл. 4 и чл. 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација).

Потоа, авторот во периодот од 17:36 минута до 17:50 минута во емисијата, прави генерализација, а со тоа и контекст на стереотипизирање на жените од Битола.

Конкретно, следува разговорот:

**Авторот:** Викаат дека ако досега на Битолчанки им оставевме да го решат спорот со името, ќе го решеа 10 пати побрзо од политичарите, бидејќи извонредно добри односи со Грците, посебно со Грците кои доаѓаат тука во Битола...
**Соговорникот:** (Се смее)...

Понатаму, авторот во периодот од 20:36 минута до 20:54 минута изнесува свои мислења за сексуална работа кај студентите и тврдењата не се поткрепени со факти.

Конкретно, следува разговорот:

**Авторот:** Видете масовно по факултети, значи за оценки...
**Соговорникот:** За жал
**Авторот:** За привилегии, масовно по студенстки домови на студентки што доаѓаат од внатрешноста на Р.Македонија. Масовно по дискотеки за да можат да влезат за една пијачка, значи тоа станува веќе начин на живот, а не само професија што е многу поопасно...

Потоа, авторот на прилогот кој е дел од емисијата, во периодот од 24:13 минута до 24:57 минута, дава објаснување за разговор со **лицето Симона од Прилеп која студирала на Филолошкиот факултет и живеела во студентскиот дом "Гоце делчев" во Скопје, како давател на сексуални услуги,** објавувајќи нејзини фотографии (притоа изнесува повеќе информации од кои може да се идентификува лицето), а од 25:30 минута до 26:04 минута,

контактира со неа (со повторно објавување на нејзина фотографија), без притоа да го измени гласот од телефонскиот разговор. Со тоа на споменатата личност не и го почитува личниот живот, не внимавајќи дека со таквото стигматизирање може да ја доведе во ситуација штетна по нејзината лична безбедност.

Понатаму, авторот во периодот од 28:09 минута до 28:36 минута во емисијата прави несоодветна компарација на исмевање на жените инволвирани во сексуалната работа.

**Соговорничката:** Од она што го кажуваа, оние кои ги интервјуирав, најчесто клиенти се грчките државјани и тие, надоместокот за услугата е околу 50 евра, додека домашните клиенти од 500 денари, тоа е многу...
**Авторот:** Значи на домашните е помалце, тоа би било дел од таа кампања "Купувајте македонски производи", Значи им даваат "дампинг" цени, на овие што се странци поскапо им наплаќаат.

Како што може да се увиди од прегледот на емисијата од 35:09 минута до 35:28 минута, авторот на прилогот во емисијата објавува телефонски разговор со лице, наводно транс-лице, на кој не му е видоизменет гласот, а во позадината се забележуваат огласи за сексуални услуги и телефонски броеви. Понатаму, од 35:45 мин. до 36:06 мин., авторот повторно објавува телефонски разговор со транс-лице, а во позадината на видео - материјалот се гледа огласот за сексуалните услуги, неговиот телефонски број и фотографии. Веќе од 37: 21 мин до 38: 25 мин може да се види како авторот на прилогот разговара со транс-лице, односно конкретно ја презентира блиската околина на неговото живеалиште, потоа прикажува "tête-à-tête" разговор со лицето (неговото лице е замаглено, но не е свесно дека го снимаат), а гласот не е видоизменет.

Исто така, во периодите од 42:15 мин. од 42: 30 мин., од 48:09 до 48:17 мин. и од 50:22 до 50:48 мин., авторот на емисијата повторно се исмева на сметка на маргинализираната група.

Конкретно следат разговорите:
**Авторот:** Плус амортизација
**Соговорникот:** Плус амортизација (се смее)

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

**Авторот:** Амортизација, мора да се прави, да се книжи сметководствено тоа. Шо викат, то е сапун, можи некогаш не се троши...

**Авторот:** На крај ќе почнат да користат од овие владини грантови за мали и средни бизниси, ако ја менува деловната стратегија.

***

Поради горенаведеното, Комисијата за жалби најде дека во емисијата "Во Центар со Васко Ефтов: проституцијата во Македонија", емитувана на 07.12.2015 година во 22 часот, на Канал 5 телевизија, прекршен е член 7 од Кодексот на новинарите на Р.М., според кој информациите за сексуалната определба, здравствената состојба, национална или етничка припадност не смеат да бидат објавени без дозвола, освен доколку постои недвосмислен јавен интерес тоа да биде направено.

Комисијата, исто така, констатираше дека е прекршен член 10 од Кодексот, според кој обврска на новинарите и медиумите е да ги заштитат поединците и групите од неправда и дискриминација извршени од страна на јавни органи и институции, од приватни претпријатија и од кој било друг. Етичкиот и професионалниот Кодекс на новинарите им налага посебна одговорност за јавно искажаниот збор. Нивните ставови се важни фактори во обликувањето на јавното мислење поради што говорот на омразата е неспоив со новинарската етика.

Понатаму, Комисијата најде дека е прекршен член 11 од Кодексот, според кој новинарот мора да биде свесен за последиците и ефектите од неговите зборови, мора да внимава на нивниот избор и не смее да навредува или да исмејува. Професионалниот новинар никогаш нема да зборува за личности врз основа на стереотипи и предрасуди за расата, полот, возраста, религијата, етничката припадност, сексуалната ориентација, телесниот недостаток, физичкиот изглед или социјалниот статус. Јазикот на новинарите секогаш треба да биде одмерен и

неутрален, наспроти оној што нуди готови заклучоци и судови и е или се граничи со говорот на омраза. Секогаш треба да се избегнуваат фрази кои во себе носат шовинистички, сексистички или какви било други дискриминаторски конотации. Новинарот е одговорен и за искажаното од страна на соговорниците, бидејќи преку него тие ставови добиваат јавност, затоа е должен да ги парафразира или да се огради од навредлив јазик, промовирање на стереотипи или дискриминација.

Комисијата за жалби најде дека во спорната емисија е прекршен и член 13, според кој новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Сефер Тахири, Беким Ајдини и Теофил Блажевски.

**Се обврзува Канал 5 телевизија, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595